МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-892/4 од 05.10.2018 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 118 став 3 а во врска со член 130 став 1 и став 2 и член 134 став 2 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16), постапувајќи по барањата на правните субјекти МЗТ "Леарница" АД Скопје и КАСТ ИНВЕСТ ДОО Скопје заведено под бр. 11-892/1 доставен на 01.02.2018 година Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

## Р Е Ш Е Н И Е

### За целосен пренос на А –Дозвола за усогласување со оперативен план

1. Се пренесува А –Дозвола за усогласување со оперативен план за МЗТ "Леарница" АД Скопје на операторот КАСТ ИНВЕСТ ДОО Скопје.

2. Се задолжува операторот КАСТ ИНВЕСТ ДОО Скопје, кој го бара преносот на на А –Дозвола за усогласување со оперативен план да ги надомести трошоците за објавата на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

3. Се задолжува операторот да ги преземе сите непоходни активности во насока на исполнување на обврските дефинирани во А –Дозвола за усогласување со оперативен план .

### Образложение

Правниот субјект МЗТ "Леарница" АД Скопје доби А – Дозвола за усогласување со оперативен план (дозвола бр.11-3841/2 од 28.03.2014 година). Согласно член 134 став 2 а во врска со членот 130 став 1 и став 2, операторот КАСТ ИНВЕСТ ДОО Скопје по извршената генерална еколошка ревизија во насока на поднесување на барање за пренос на А –Дозвола за усогласување со оперативен план, приложи извештај од извршената генерална еколошка ревизија. По разгледувањето на барањето од страна на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, Управа за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање заведно под бр.11-892/3 од 22.08.2018 година, врз основа на член 118 став 1 од Законот за животна средина, се реализира целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план од операторот МЗТ "Леарница" АД Скопје на операторот КАСТ ИНВЕСТ ДОО Скопје.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Назим Алити
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Република Македонија * Министерство за животна средина и просторно планирање * Скопје